# РЕФОРМИТЕ И СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Елена Ризова**
*„Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет - Скопје,*
*Институт за педагогија, Република Македонија*
*elenarizova@fzf.ukim.edu.mk*

*УДК: 374.7(497.7)*

**Апстракт**

Изминатата деценија во Република Македонија се карактеризира со зголемени заложби за реформирање на образованието на сите степени, вклучувајќи го и образованието на возрасните. За таа цел беа изготвени голем број стратегиски, законски и оперативни документи, како и формирање на посебни државни тела за образование на возрасни кои имаат за цел да ги воспостават темелите за развој и афирмација на образованието на возрасните во земјата. Следејќи ја патеката за образовен развој на европските земји, Република Македонија се соочува со предизвици иманентни за сите земји во развој: недостаток од финансиски ресурси во овој образовен сектор, ниска стапка на инволвираност на партиципиентите во достапните форми на образование на возрасни, недостаток од даватели на образовни услуги за возрасни, недостаток од едуциран наставен кадар за работа со возрасни, несоодветна институционална координација, итн., со што се нагласува потребата од сериозен и студиозен пристап во реформирањето на овој образовен потсистем кој треба да ги зацврсти разнишаните темели на кои првично беше поставен.

**Клучни зборови:** *образование на возрасни, образовни предизвици, доживотно учење.*

## Градење систем за образование на возрасните – предизвик или потреба?

Современата концепција на образовните системи низ светот е базирана на остварување на единствена цел: да им овозможи на младите луѓе да стекнат компетенции кои ќе им обезбедат сигурна основа за понатамошниот живот и работа. Овој збир од „потребни" компетенции претставува единство од основни или клучни, стручни, како и социјални и персонални компетенции кои би им овозможиле на луѓето да живеат и да работат заедно, како и да водат среќен и исполнет живот.

Сериозниот предизвик пред кој се наоѓаат образовните системи кои егзистираат во општествата базирани на знаење, за оспособување на младите луѓе за професии кои во иднина можеби нема да постојат со компетенции кои не знаеме дали ќе одговорат на променливите барања на пазарот на трудот, сѐ повеќе става акцент на нужната афирмација и заживување на концептот на доживотното учење кој има превентивна, но и ремедитативна функција.

Европските образовни политики, изразени во документот „Образование и обука 2020", го трасираат патот на образованието и обуката во корелација со развојот на доживотното учење. Имено, доживотното учење треба да се смета за фундаментален принцип на кој се темели целокупната референтна рамка на европското образование и обука од формален, неформален и информален карактер,

кое се протега од раниот детски воспитно-образовен развој, па сè до образованието на возрасните. Референтната рамка на развој во областа на образованието и обуката треба да се фокусира на остварувањето на четирите стратешки цели:

- Доживотното учење и мобилност да станат реалност;
- Подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието и обуката;
- Промовирање на рамноправност, социјална кохезија и активно граѓанство;
- Зајакнување на креативноста и иновацијата, вклучувајќи го и претприемништвото на сите нивоа на образование и обука.

## Структура на системот за образование на возрасните во Р. Македонија

Република Македонија, по осамостојувањето во 1991 година, започнува да гради автентичен образовен систем базиран на принципот на демократичност. Иако беа направени многубројни чекори со цел воспоставување образовен систем кој би излегол во пресрет на предизвиците на 21 век, сè до почетокот на новиот милениум, образованието и обуката на возрасните се запоставени на сметка на надградување на системите за основно и средно образование. Турбулентните промени во општествената организација и образовната стихијност и затајување условуваат образованието на возрасните да добие примат на спорадична активност која е меѓу последните скалила на листата приоритети на веќе самостојната држава.

Добро е познато дека уделот кој го има возрасното население за развојот на државата е од непроценлива важност, а и самиот факт што тоа претставува приближно 83% од вкупното население во земјата, само ја потврдува потребата за развивање на свеста кај луѓето за важноста на образованието на возрасните и доживотното учење. Во однос на ова прашање, професорот Зоран Велковски од Филозофскиот факултет во Скопје вели: „...возрасните се тие кои имаат најголемо влијание врз општествено-економскиот и културниот развој на земјата, а младите се тие кои го продолжуваат тој развој“. Тезата дека образовниот недостаток е иманентен само за повозрасната структура на населението, за жал, присутна и денес, и со нивното „изумирање“, од една страна, и надоаѓање на „образованата“ младина, од друга страна, ќе се оствари поволна образовна структура во земјата, не само што е морбидна, туку е крајно лаичка. Не „слегуваат“ цели генерации наеднаш од сцената на „општествениот театар“ за да им отстапат место на други генерации, туку тие се испреплетуваат во подолг временски период, со што се создава плодна почва за карикирано креирање на стварноста, која од аспект на наследноста имплицира влијание на деструктивни механизми во севкупниот економски, политички и културен развој на земјата“.

Поразителен е фактот што сè до 2006 година во Република Македонија не постоеше државна стратегија и посебен закон или законска регулатива за развој, организација и реализација на образованието на возрасните. По прогласувањето на 1996 година како *Европска година на доживотно учење* од страна на Советот на Европа, започнува да се менува петрифицираниот став кон образованието на возрасните и да се активираат креаторите на образовната политика во европските земји на ова поле, па и во Република Македонија.

Во ноември, 2006 година, Собранието на Република Македонија ја усвојува Националната програма за развој на образованието 2005-2015. Интегрален дел од оваа програма е *Програмата за образование на возрасните во контекст на доживотното учење*, како стратешки документ кој го третира образованието на возрасните како интегрален дел од целокупниот образовен систем. Во рамките на Програмата за образование на возрасните во контекст на доживотното учење, главната цел на образованието на возрасните е дефинирана како „да обезбеди еднакви можности за стекнување квалитетно образование и добивање соодветни знаења, вештини и компетенции".

Системскиот пристап кон образованието и обуката на возрасните започнува со усвојувањето на *Законот за образование на возрасните* во ноември, 2008 година, со кој се обезбедува соодветен третман на образованието и обуката на возрасните во целокупниот образовен систем, што од друга страна ги регулира правата и обврските на индивидуите и институциите инволвирани во процесот и има за цел обезбедување образование, доквалификација, стекнување квалификации, учење и обука на возрасните. Ова е прв правен документ од овој вид кој го третира образованието и обуката на возрасните и го третира неформалното образование и учење како значаен дел од индивидуалниот образовен пат.

Приоритетите во областа на образованието на возрасните во Република Македонија се опишани во *Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015,* која е изготвена од страна на Советот за образование на возрасните. Тие се фокусирани кон реализација на следните стратешки цели:

- Зајакнување на системот на образование на возрасните преку развивање на информациско-статистички систем за следење на образовната мобилност на возрасните;
- Создавање услови доживотното учење и мобилноста да станат реалност;
- Подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието и обуката на возрасните;
- Промовирање на рамноправност, социјална кохезија и активно граѓанство;
- Промоција на образованието на возрасните и културата на учење преку активен пристап во образованието и обуката на возрасните.

## Институции инволвирани во системот за образование на возрасни

За местото, значењето и функцијата која ја ужива образованието на возрасните во скалилото на образовните потсистеми на Република Македонија говори и неиздиференцираната улога која различни институции ја имаат во афирмацијата на ова поле.

Во Република Македонија различни видови институции го конституираат системот за образование на возрасните. Од една страна тоа се јавните и државните институции и тела кои имаат одговорност и компетенции за реализација на образованието на возрасните, а од друга страна тоа се приватни институции кои нудат различни видови обуки за возрасни следејќи ги барањата на индивидуите и пазарот на трудот.

*Советот за образование на возрасните* е советодавно тело основано од страна на Владата на Република Македонија кое се занимава со стратешките прашања од политиката на развој на образованието на возрасните и е составено од 13 члена. Основните задачи и надлежности на Советот за образование на возрасните се следните:

- Предлага стратегија за развој на образованието на возрасните во контекст на доживотно учење до Министерството за образование и наука на Република Македонија;
- Ја следи реализацијата на годишните акциски планови за реализација на стратегијата за образование на возрасните;
- Предлага до Министерството за образование и наука на Република Македонија национални квалификации и стандарди на занимања;
- Предлага финансирање на програмите за образование на возрасните за кои се обезбедени средства во буџетот на Република Македонија;
- Во соработка со општините, до Министерството за образование и наука на Република Македонија доставува предлог за развој на мрежата на установите за образование на возрасните.

*Центарот за образование на возрасните,* пак, е јавна установа за образование на возрасните која е основана како правно лице од страна на Владата на Република Македонија.

Мисија на Центарот за образование на возрасните е да воспостави функционален, современ и европски компатибилен систем на образование на возрасните во контекст на доживотно учење кој ќе понуди висококвалитетно образование и можности за стекнување на квалификации во согласност со потребите на населението, зголемување на вработеноста и претприемништвото, за потребите на пазарот на трудот и ќе придонесе кон економскиот, социјалниот и личниот развој. Главни цели на Центарот за образование на возрасните се: да придонесе во реализирањето на социоекономските потреби на Македонија, да одговори на потребите на пазарот на трудот и да помогне на поединците во нивниот личен развој.

*Министерството за образование и наука на Република Македонија* има повеќе надлежности во образованието на возрасните, меѓу кои: да усвојува стратегија за образование на возрасните врз основа на предлози од Советот за образование на возрасните; да врши верификација и да издава лиценци за работа на установите и институциите за образование на возрасните, на начин утврден со закон; да носи национални рамковни наставни планови и програми за образование на возрасните; да усвојува наставен план и програми за основно, гимназиското и стручното образование на возрасните, по предлог на Центарот за образование на возрасните; да обезбеди средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање, истражување и развој на образованието на возрасните врз основа на утврдените потреби на државата и Европската унија.

*Министерството за труд и социјална политика* има обврска да учествува во државната политика во областа на образованието на возрасните низ повеќе активности,како:согледувањенапотребитезапреквалификацијаидоквалификација на кадарот преку анализа на пазарот на трудот и да доставува мислење до Советот

за образование на возрасни; да учествува во подготвувањето и усогласувањето, како и да иницира потреба од подготвување на нови стручни квалификации по стандарди; да учествува во подготвувањето на Листата на стандарди на занимања.

*Локална самоуправа.* Следејќи го процесот на децентрализација и распределба на одговорностите, дел од надлежностите во областа на образованието на возрасните се под раководство на локалната самоуправа. Советот на секоја локална заедница има неколку задачи: врши анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и ги искажува согледувањата за потребите до Центарот за образование на возрасни; може да основа установи за образование на возрасните; како и доставува предлози за уписната политика во образованието на возрасните до министерството.

*Национална Агенција за европски образовни програми и мобилност.* Агенцијата има одговорност да раководи и да спроведува неколку европски образовни програми за мобилност, кои би придонеле кон развојот на образованието и обуката на возрасните во земјата, како и да ја зголемат општествената свест за важноста на доживотното учење и образованието на возрасните за општествениот и индивидуалниот прогрес.

*Приватните институции за образование на возрасните*, како на пример различни институции за образование на возрасните, центрите за усовршување, работодавците и социјалните партнери, здруженија на граѓани или индивидуални обучувачи, можат исто така да бидат понудувачи на образовни програми за образование на возрасни според Законот за образование на возрасните. Неколку групи даватели на услуги можат да се истакнат како важни за образованието и обуката на возрасните:

- *Јавни и приватни специјализирани институции за образование на возрасните:* работнички универзитети (отворени граѓански универзитети за доживотно учење), образовно-консултантски фирми, центри за обука, центри за странски јазици, центри за компјутерско образование, центри за советодавна работа, основни училишта за образование на возрасните;
- *Средни училишта;*
- *Синдикати* (кои нудат предлози на работодавците за подобрување на условите за спроведување практична обука на учесниците во образованието на возрасните, имаат можност да формираат институции за образование и обука на возрасните финансирани од Синдикатот);
- *Комори и асоцијации* (кои нудат предлози на Центарот за образование на возрасните за нови и иновациски програми, како и креирање нови стандарди на занимања, имаат можност да формираат институции за образование и обука на возрасните финансирани од Комората или Асоцијацијата);
- *Агенции за вработување;*
- *Професионални тела;*
- *Универзитети;*
- *Невладини организации.*

Постојат и други институции и организации, кои покрај главните дејности имаат одредени активности од областа на образованието на возрасни како што се:

библиотеки, музеи, издавачки куќи, културни центри, телевизии, радија итн. Исто така и поголеми приватни фирми за своите вработени нудат организирани обуки или други форми за понатамошно образование.

## Програми за образование на возрасните

Образованието на возрасните во Република Македонија се спроведува низ формален, неформален и информален начин на учење.

Возрасните стекнуваат образование по програмите за основно, средно и високо образование приспособени на потребите и можностите на возрасните (јавно признати програми). Тие можат да се образуваат и усовршуваат, да се специјализираат и да ги дополнуваат своите знаења и вештини во формалното образование, во организација на образовните установи кои се верифицирани и лиценцирани за овие програми.

Програмите се приспособени на возраста, претходното стекнато образование, знаење, вештини и способности на возрасните и можат да се изведуваат преку: редовна настава, консултативно-инструктивна настава, дописно-консултативна настава, отворена настава, теле-настава, настава на далечина, мултимедиски и на друг соодветен начин. Програмата може да има и модуларна структура.

Програмите се реализирани од: наставници, професори, инструктори за практична настава и стручни соработници кои треба да се стекнат со посебна подготовка за работа со возрасни, која се организира на соодветни установи и институции. Тие имаат право и обврска на постојано стручно усовршување, како и усовршување за работа со возрасни.

Во согласност со Законот за образование на возрасните, секој кој има навршено 15 години и ги исполнува специфичните услови и барања на Програмата, може да биде учесник во програмите за образование и обука на возрасните. Возрасните кои поседуваат знаења, вештини и компетенции од одредена област, можат да ги докажат преку положување на соодветни испити во институциите и организациите кои се провајдери на такви програми, освен Државниот матурски испит и Завршните испити во средното образование. Ова претставува алтернативен начин за признавање на претходното и искуствено знаење на возрасните кои немале можност да бидат дел од формалниот образовен процес. По завршувањето на програмата за образование на возрасните, учесниците добиваат сертификати како сведоштво за знаењата, вештините и компетенциите стекнати со програмата.

## Што понатаму?

Моменталната поставеност на системот за образование на возрасни во Република Македонија укажува на низа недостатоци кои се рефлектираат со намалување на бројот на учесници и даватели на услуги во овој систем. Постигнувањето на референтните цели изразени во европските стратешки образовни документи за активна партиципација на возрасното население во која било форма на доживотно учење со 15% до 2020 година, ја наметнува потребата од темелни реформски зафати на ова поле:

- Ревидирање, реконструирање и осовременување на основното образование на возрасните преку флексибилни програми кои би излегле во пресрет на потребите и карактеристиките на луѓето опфатени со нив; стандардизиран систем на следење и вреднување на претходното знаење; заживување на далечинската настава, теле-наставата, дописно-консултативната настава, итн.; зајакнување на инфраструктурните и дидактичко-методичките капацитети на основните училишта за возрасните;
- Унапредување на компетенциите на наставничкиот кадар кој работи со возрасни преку воведување на задолжителен сет од андрагошки предмети интегриран во иницијалното образование на наставниците.
- Соработка на формалниот со неформалниот сектор во образованието на возрасните;
- Подигање на нивото на свесност кај луѓето за значењето на образованието на возрасните и доживотното учење преку кампањи од различен вид (засилено дејствување на масовните медиуми, општествените и локалните образовни центри, невладините организации, итн.);
- Признавање на неформално и информално стекнатото образование и учење;
- Градење систем на образование на возрасните кој ќе се базира на потребите на пазарот на трудот.

## Користена литература

1. *Adult education: The response to global crisis strengths and challenges of the profession* (Snežana Medić, ed.), (2010), Beograd: Institute of pedagogy and andragogy, Faculty of Philosophy.
2. Alibabič, Š. (1994), *Funkcionalna pismenost i samoobrazovanje*, Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta.
3. *Andragoška profesija i kompetencije stručnjaka u obrazovanju odraslih* (Milan Matijević, ed.), (2011), Zagreb: Hrvatsko andragoško društvo.
4. Commission of the European Communities (2005), *Recommendation of the European Parliament and of the council on key competences for lifelong learning,* London: Commissionof the European Communities.
5. European Comission, (2009),Council conclusions on a strategic framework for European cooperation in education and training ('ET 2020'), Brussels: Official Journal of the European Union.
6. European Comission, (2011), *Council Resolution on a Renewed Agenda for adult learning*, Brussels: Official Journal of the European Union.
7. Велковски, З. (2005), *Lacrimae mundi*, Скопје: Биро за развој на образование.
8. Димова, Е. (2005), *Оспособеноста на студентите за самоучење*, магистерски труд.
9. Министерство за образование и наука на Република Македонија (2006), *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015*, Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
10. Министерство за образование и наука на Република Македонија, (2008), *Закон за образование на возрасните*, Скопје: Службен весник на Република Македонија бр. 7/08.
11. Национален извештај – Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија, CONFINTEA VI, Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008.
12. Стратегија за образование на возрасните, 2010-2015, Скопје: Совет за образование на возрасни.